Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 февруари 2023 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Амар Даут, директор на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје и Елизабета Дамеска-Јовановска, претставник од Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје.

Од седницата отсуствуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово

2. Информација за донесената Одлука со архивски бр.0201-130/1 од 23.1.2023 година, од страна на Управниот одбор на  Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост -Скопје

3. Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2023 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

4. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа за 2023 година на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола, со Предлог-одлука

5. Програма за работа, Финансиски план и Годишна инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие Агро-берза Скопје, со предлог -одлуки

6. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за стопанисување со пасиштата и Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта

7. Информација за добивање на согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

8. Барање на Јавното претпријатие Стрежево-Битола за согласност за вработување на 12 (дванаесет) лица на определено време

9. Информација за потреба за вработување на лица за определено време во Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта-Скопје Ц.О.

10. Информација за оправданоста на барањата за вработувања во ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип

11. Информација за оправданост на барањата за вработувања на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје

12. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. -Скопје

13. Информација за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас-Скопје во државна сопственост, со предлог-одлуки

14. Акциски план за формирање на задолжителни резерви 2023-2025 година

15. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор во Струмица и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба во Струмица

16. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Шаховската федерација на Македонија-Скопје

17. Програма за работа и Годишен финансиски план на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2023 година, со предлог-одлуки

18. Финансиски план и Годишна програма за работа за 2023 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука

19. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2023 година, со Предлог-одлука

20. Годишна програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2023 година, со Предлог-одлука

21. Програма за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2023 година

22. Информација во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижна ствар на Општина Чашка, без надоместок, за која во Катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука (КП бр.6409 КО Богомила)

23. Информација во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижни ствари на Општина Чашка, без надоместок, за кои во Катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

24. Информација во врска со доставениот предлог од концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6

25. Информација во врска со Барањето на концесионерот Гравис хидро ДОО Гостивар за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф. бр 84, МХЕЦ Пена со реф.бр. 85

26. Информација во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка

27. Информација во врска со Барањето на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364, со текст на Анекс бр.5 на Договорот

28. Информација за реализација на Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023 во 2021 година

29. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина -песок и чакал на локалитетот „КО Кисела Вода 2“ Општина Аеродром, со предлог -одлуки

30. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Висвин ДООЕЛ Скопје, со Предлог -одлука

31. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Висвин ДООЕЛ Скопје, кеј „13-ти Ноември“ бр.100, Скопје-Центар, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Агрос ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со Предлог–одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Златка Иванова ул. „Скоевска“ бр.2, Штип, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до машинска зграда на МХЕ Тополка 316, КО Дреново, Општина Чашка, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за пристапен пат до локацијата, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка Проект за инфраструктура за изградба на подземен нисконапонски кабелски вод за напојување, пристапен пат и базна станица за мобилна телефонија на БТС КМН „Дивље“, КО Дивље, Општина Петровец, со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов 20(10) далновод со бетонска столбна трафостаница 20(10)/0,4kVA, за напојување на хидросистем Јаловиште, КО Костур, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

38. Предлог-програма за водостопанство за 2023 година

39. Предлог-програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година

40. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2023 година

41. Предлог-програма за финансирање на земјоделски производители на храна за 2023 година

42. Предлог-програма за фитосанитарна политика во 2023 година

43. Предлог-програма за финансирање на микро земјоделски производители на вино и алкохолни пијалаци за 2023 година

44. Предлог-програма за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2023 година

45. Предлог-програма за проширена репродукција на шумите за 2023 година

46. Предлог-програма за семе и саден материјал во 2023 година

47. Предлог-програма за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2023 година

48. Предлог-програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2023 година

49. Предлог-одлука за определување на висината на трошоците за посетување на обуките и полагањето на испитот за фитофармација за професионални корисници, советници и дистрибутери и Предлог-одлука за висината на трошоците за работа на Стручната комисија од областа на фитофармацевтските производи

50. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година

51. Предлог -одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево (за потребите на ООУ „Климент Охридски“, Облешево, Чешиново-Облешево)

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државното средно училиште-Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“, Куманово

53. Предлог-одлука за основање нова Национална установа „Меморијален музеј на Смилевскиот конгрес“–Смилево, Демир Хисар

54. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија -Скопје

55. Предлог на закон за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

56. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по итна постапка, поднесен од група пратеници

57. Барање за давање на автентично толкување на членот 24 став (2) точка б) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева

58. Предлог на годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година и Предлог на годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година, со предлог-одлуки

59. Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 132 став 1 точка 37 од Законот за безбедност на храната („Службен весника на Република Македонија“ бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.129/2022, поднесена од Игорчо Точев, од Скопје

60. Понуда од нотар Станка Горичан од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1411 и Имотен лист бр.1733 за КО Долно Лакочереј-вонград, на КП бр.1219, КП бр.485, КП бр.486 и КП бр.497, викано место/улица „Габавци“

61. Понуда од нотар Лидија Смиљаноска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.142 за КО Нерези -вон град, на КП бр.1295/2, викано место/улица „Присојница“

62. Известување од извршител Весна Деловска од Скопје, доставен под И.бр.8563/2022, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.5528 за КО Ѓорче Петров 4-Влае

63. Кадровски прашања

64. Прашања и предлози

65. Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

66. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година

67. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за периодот 1.7.2022-30.9.2022 година

68. Финансиски план за 2023 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

69. Предлог-уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

70. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година

71. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри (*)

72. Информација за статус на имплементација на Проектот за зајакнување на транспортот и трговијата во Западен Балкан финансиран од Светска банка, за период од декември 2019 до декември 2022 година

73. Информација за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје,

сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје

74. Информација со предлог-решение за раскинување на постоечкиот Договор за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш, склучен помеѓу ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и истовремено исполнување на договорни обврски за Министерството за здравство како јавен партнер кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање, со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година со приватен партнер Група на економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта пхарма–АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А и Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје

75. Информација во врска со потребата за дополнување на Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програма К-5, со Предлог-план

76. Информација за потпишување Меморандум за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ), со усогласен текст на Меморандум

77. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Соња Николовска против Република Северна Македонија А.бр. 45935/18 и А.бр. 55102/18

78. Предлог–одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

79. Информација за текот на активностите поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, со предлог-План за активности

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесената Одлука со архивски бр.0201-130/1 од 23.1.2023 година, од страна на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост -Скопје, за наредната седница на Владата, со заклучок материјалот да се усогласи помеѓу предлагачот, Министерство за култура и Секретаријат за законодавство.

Истовремено, при донесување на одлуката за дефинирање на површината за пренамена и согласност за пренамена во Мултифункционален културен центар, да се има предвид просторот да се даде на трајно користење на Министерството за култура.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 3**

Владата по Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2023 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на  Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2023 година и

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на  Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2023 година,

доколку предлагачот ги усогласи Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2023 година со Министерството за финансии (во однос на активностите кои се планирани да се реализираат во 2023 година, формирање на Центар за истражување во рамките на Фондот, отварање на инфо-центри во Битола и Тетово и набавка на 4 (четири) смартборт табли).

**Точка 4**

Владата  по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2023 година на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола, со Предлог-одлука, заклучи:

1.  Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола за 2023 година.

2. Ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа за 2023 година на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола, како материјали за информирање.

**Точка 5**

Владата по Програмата за работа, Финансискиот план и Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие Агро–берза-Скопје, со предлог -одлуки заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро–берза-Скопје за 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје за 2023 година.

3. Ја разгледа Програмата за работа за 2023 година на Јавното претпријатие  Агро–Берза-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 6**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за стопанисување со пасиштата и Предлог-одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за стопанисување со пасиштата.

2. Предлог-одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, да се разгледа на наредната седница на Владата, по влегувањето во сила на Одлуката за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за стопанисување со пасиштата.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето на Јавното претпријатие Стрежево-Битола за согласност за вработување на 12 (дванаесет) лица на определено време, го прифати Барањето и имајќи предвид дека на Претпријатието, иако е загубар, вработувањата му се неопходни за извршување на дејноста, одговори позитивно на истото.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба за вработување на лица за определено време во Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта-Скопје Ц.О. ја прифати Информацијата и имајќи предвид дека Претпријатието, иако е загубар, вработувањата му се неопходни за извршување на дејноста, одговори позитивно на истата.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста на барањата за вработувања во ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип, ја прифати Информацијата и имајќи предвид дека на Претпријатието, иако е загубар, вработувањата му се неопходни за извршување на дејноста, одговори позитивно на истата.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданост на барањата за вработувања на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, ја прифати Информацијата и имајќи предвид дека на Претпријатието, иако е загубар, вработувањата му се неопходни за извршување на дејноста, одговори позитивно на истата.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. -Скопје.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас

Номагас-Скопје во државна сопственост, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за избор на членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас-Скопје во државна сопственост.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас-Скопје во државна сопственост.

3. Одлуката за определување на месечниот паушал на неизвршните членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас-Скопје во државна сопственост.

**Точка 14**

Владата го донесе Акцискиот план за формирање на задолжителни резерви за 2023-2025 година.

**Точка 15**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор во Струмица.

2.Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба во Струмица.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Шаховската федерација на Македонија-Скопје.

**Точка 17**

Владата по Програмата за работа и Годишниот финансиски план на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2023 година, со предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2023 година и

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 18**

Владата по Финансискиот план и Годишната програма за работа за 2023 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука, ги донесе следните заклучоци:

- Ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план за 2023 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

- Ја разгледа Годишната програма за работа за 2023 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, како материјал за информирање.

**Точка 19**

Владата по Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2023 година, со Предлог -одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2023 година.

**Точка 20**

Владата по Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2023 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижна ствар на Општина Чашка, без надоместок, за која во Катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука (КП бр.6409 КО Богомила), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Чашка.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижни ствари на Општина Чашка, без надоместок, за кои во Катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Чашка.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставениот предлог од концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Министерството за економија во рок од 15 дена да формираат комисија која ќе ја разгледа документацијата доставена во прилог кон Барањето за обештетување, а со цел спогодбено раскинување на Договорот за концесија.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 30 дена да ја информира Владата за работата на комисијата и да достави конкретен предлог за спогодбено раскинување на Договорот.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за економија до Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да достават номинации за член и заменик-член од нивните институции.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Гравис хидро ДОО Гостивар за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф. бр 84, МХЕЦ Пена со реф.бр. 85 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф.бр. 84, МХЕЦ Пена со реф. бр. 85, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 25.11.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Гравис хидро ДОО Гостивар да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот, најмалку до 24.1.2025 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр.11-2142/1 од 26.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 20 мај 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот, најмалку до 19 јули 2023 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364, со текст на Анекс бр.5 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да го склучи Анексот бр.5 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364, бр. 11-2435/1 од 11.4.2018 година за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 26.6.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот ДИС Енергија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364 најмалку до 24.8.2023 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023 во 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија-Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за локална самоуправа, а се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа да достават извештај до Министерството за економија за реализираните мерки и активности во 2021 година од Акцискиот план на Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023, најдоцна до 31 март 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за економија да подготви и до крајот на првиот квартал од 2023 година да подготви и до Владата да достави извештај за реализација на Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023 за 2022 година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина -песок и чакал на локалитетот „КО Кисела Вода 2" Општина Аеродром, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Висвин ДООЕЛ Скопје, со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Висвин ДООЕЛ Скопје, кеј „13-ти Ноември" бр.100, Скопје-Центар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Агрос ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Златка Иванова ул. „Скоевска" бр.2, Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до машинска зграда на МХЕ Тополка 316, КО Дреново, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат до машинска зграда на МХЕ Тополка 316, КО Дреново, Општина Чашка.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за пристапен пат до локацијата, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за пристапен пат до локацијата, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка Проект за инфраструктура за изградба на подземен нисконапонски кабелски вод за напојување, пристапен пат и базна станица за мобилна телефонија на БТС КМН „Дивље", КО Дивље, Општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на подземен нисконапонски кабелски вод за напојување, пристапен пат и базна станица за мобилна телефонија на БТС КМН „Дивље", КО Дивље, Општина Петровец.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов 20(10) далновод со бетонска столбна трафостаница 20(10)/0,4kVA, за напојување на хидросистем Јаловиште, КО Костур, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на

земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов 20(10) далековод со бетонска столбна трафостаница 20(10)/0,4kva, за напојување на хидросистем Јаловиште, КО Костур, Општина Крива Паланка.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за водостопанство за 2023 година.

**Точка 39**

Владата ја донесе Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2023 година.

**Точка 41**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на земјоделски производители на храна за 2023 година.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Програмата за фитосанитарна политика во 2023 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино и алкохолни пијалаци за 2023 година и ја донесе Програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино и алкохолни пијалаци за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2023 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 година и ја донесе Програмата, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријат за законодавство.

**Точка 46**

Владата ја донесе Програмата за семе и саден материјал во 2023 година.

**Точка 47**

Владата ја донесе Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2023 година.

**Точка 48**

Владата ја донесе Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2023 година.

**Точка 49**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за определување на висината на трошоците за посетување на обуките и полагањето на испитот за фитофармација за професионални корисници, советници и дистрибутери и

2. Одлуката за висината на трошоците за работа на Стручната комисија од областа на фитофармацевтските производи.

**Точка 50**

Владата ја донесе Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево (за потребите на ООУ „Климент Охридски“, Облешево, Чешиново-Облешево).

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државното средно училиште-Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“, Куманово.

**Точка 53**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за основање нова Национална установа „Меморијален музеј на Смилевскиот конгрес“–Смилево, Демир Хисар, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Секретаријатот за законодавство, како и да обезбеди писмено мислење од Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија -Скопје.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по текстот на Законот, со оглед дека истиот предизвикува дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, како и поради тоа што истиот е во постапка на изменување и дополнување во Министерството за образование и наука.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Министерството за образование и наука, во соработка со групата пратеници -предлагачи на Законот, работи на нови изменувања на Законот со кои се предвидуваат одредби кои ќе овозможат соодветна примена на Законот како што истиот бил првобитно замислен. Имено, средствата кои се доделуваат на студентите да можат да се користат за купување оброк.

Оттаму, Владата на Република Северна Македонија смета дека најсоодветно е да се разгледаат изменувањата кои Министерството за образование и наука, во соработка со групата пратеници -предлагачи на Законот, ќе ги подготви пред да се прават други изменувања на Законот за субвенциониран студентски оброк.

**Точка 57**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 24 став (2) точка б) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева и притоа го утврди следново мислење:

Законот за административни службеници преставува правна рамка која ги опфаќа сите вработени во јавниот сектор кои вршат административна работа и со кој се воспоставува целосен и синхронизиран систем на администрација базиран на знаење. Со Законот за административни службеници се уредува статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници.

Согласно член 21 став (1) од Законот за административни службеници, работните места на административни службеници се класифицираат согласно одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и потребните стручни квалификации, работното искуство во струката, општите и посебните работни компетенции и други критериуми од значење за работното место.

Според критериумите утврдени во Законот, работните места на административни службеници се класифицираат во четири категории, а во рамките на секоја категорија се утврдуваат повеќе нивоа на работни места на административни службеници.

Со членот 24 од истиот закон, во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места на административни службеници:
Б1- раководен административен службеник од прво ниво,
Б2-раководен административен службеник од второ ниво,
Б3-раководен административен службеник од трето ниво и

Б4-раководен административен службеник од четврто ниво.

(2) Раководниот административен службеник од категоријата Б треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации за сите нивоа-ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) работно искуство и тоа:
- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
- за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

в) општи работни компетенции за сите нивоа-категорија Б согласно со Рамката на општи работни компетенции и

г) посебни работни компетенции за сите нивоа -активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, положен испит за административно управување и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

(3) Доказот за положен испит за административно управување од ставот (2) точка г) на овој член може да се користи при аплицирање на интерен или јавен оглас за работни места од категоријата Б, во рок од пет години од датумот на неговото издавање.

Во членот 5 од Законот е определен поимот на „Работно место“ како најмалата единица во организациската структура на институцијата која во актот за систематизација е опишана со ниво, општи и посебни услови, цели и работни задачи и други податоци од интерес за работното место; а поимот „Работно искуство во струка“, законот го дефинира како „периодот евидентиран во Агенцијата за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование”.

Видно од претходно цитираните одредби, постојното законско решение не го препознава искуството со раководење на ИПА проекти, односно ангажманот на ИПА координаторите и вишите програмски службеници како раководно искуство односно време поминато на раководно работно место. Со претходно цитираните одредби, законодавецот јасно определува што се смета за работно искуство во струката и на кој начин истото се докажува за утврдување на исполнување на посебниот услов за работните места каде е тоа пропишано, па оттука заклучокот на подносителот на Барањето за автентично толкување дека постои „различно толкување и .... произволност во интерпретацијата...“ не е основан.

Треба да се има предвид дека согласно постојното законско решение, за пополнување на работното место од нивото Б3-помошник раководител на сектор и Б4-раководител на одделение, покрај останатите посебни услови, кандидатот треба или да има најмалку четири

години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавниот сектор, или да има најмалку шест години работно искуство во струката од кои две години на раководно работно место во приватниот сектор. Оттука, за пополнување на овие работни места, како посебен услов не е потребно исклучиво искуство на раководно работно место, туку може и работно искуство на не раководно работно место во јавниот сектор од една година, со што законодавецот оставил простор за полесна пристапност до пониските-раководни нивоа од категоријата Б. За пополнување на работните места од второ и прво ниво на раководни административни службеници-Б2 и Б1 еден од посебните услови е одреден број на години работно искуство исклучиво на раководно работно место, имајќи ги предвид одговорностите, целите, видот и сложеноста на работните задачи на работното место, а кое може да се стекне и со претходно искуство од нивото Б3 и Б4.

Еден од клучните прописи со кои поблиску се уредува начинот на организација на работата на институциите од јавниот сектор е и Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14 и 147/14).

Со Уредбата се уредуваат описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници утврдени во законот, вклучувајќи ги непосредната одговорност, целите, работните задачи и обврски. Уредбата прави јасна дистинкција помеѓу работните места, а во однос на категоријата Б точно е пропишано кое ниво има задача да раководи со организациона единица и што опфаќа истото, односно не го опфаќа и управувањето со проекти. Истото е во насока на одредбите од Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/07, 146/07, 149/11 и 166/15), со кои во член 5 став 6) е утврдено дека со секторот раководи раководител на сектор, а со член 6 став 3) е утврдено дека со одделение раководи раководител на одделение.

Со Законот за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските заедници за правилата за соработка во врска со финансиската помош на Европските заедници за Република Македонија во рамки на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/08) спогодбата е составен дел на внатрешниот правен поредок.

Исто така, треба да се има предвид дека Законот за административни службеници е lex specialis кој на системски начин ја утврдува класификацијата на работните места на административните службеници во цел јавен сектор, општите и посебните услови за пополнување на работните места, а не за одделни институции од јавниот сектор и посебни работни места.

Врз основа на претходно изнесеното, членот 24 став (2) точка б) од Законот за административни службеници е јасен и прецизен и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на членот 24 став (2) точка б) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева.

**Точка 58**

Владата ги разгледа Предлогот на годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година и Предлогот на годишен финансиски план на

Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година, со предлог-одлуки и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 7 ставови (1) и (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/19 и бр.48/20), за вршење на работите од обласа на воздухопловството утврдени со овој закон се основа Агенција за цивилно воздухопловство која е независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со овој закон. Согласно член 7-а став (2), Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно член 13 став (1) од Законот за воздухополовство Предлогот на годишна програма за работа и развој и Предлогот на годишен финансиски план, Агенцијата ги доставува на согласност до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на декември секоја година, а според ставот (2) од истиот член, Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план од ставот (1) на овој член ги донесува Управниот одбор по претходно добиена согласност од Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на јануари секоја година.

Оттука, се укажува дека доставувањето на Предлогот на годишна програма за работа и развој и Предлогот на годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година е во функција на реализација на горенаведениот член од Законот.

Предлогот на годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година ги содржи основните цели и активности на Агенцијата за 2023 година.

Согласно Предлогот на годишен финансиски план, приходите на Агенцијата за 2023 година се планирани на ниво од 236.660.000,00 денари и на истиот износ се планирани и расходите на Агенцијата за 2023 година. Планираните приходи за 2023 година се зголемени за 19,3% во однос на планираните приходи за 2022 година и за истиот процент се зголемени и планираните расходи за 2023 година во однос на планираните за 2022 година. Притоа, зголемување има кај следните расходи: нематеријални средства и останати права, постројки и опрема, трошоци за материјали, трошоци за енергија, транспортни услуги и комуникациски услуги, услуги за одржување и заштита, наем-лизинг, комунални услуги, трошоци за вработени, дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци, надомест на трошоци на вработени, трошоци за осигурување, членарини и други давачки, банкарски услуги и трошоци за платен промет, останати трошоци на работењето и плата и надоместоци на плата-бруто, а е дадено образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на Предлогот на годишната програма за работа и развој и Предлогот на годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за давање согласност на Предлогот на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година и Предлог-одлуката за давање согласност на Предлогот на годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година, се укажува на потребата од редакциско подобрување.

Освен тоа, се укажува дека во прилог на секоја Предлог-одлука треба да биде доставено и образложение.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 132 став 1 точка 37 од Законот за безбедност на храната („Службен весника на Република Македонија“ бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.129/2022, поднесена од Игорчо Точев, од Скопје, и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со предметната Иницијатива, Владата смета дека главата IX-Прекршочни одредби од споменатиот закон (од член 131 до член 135) детално ги уредува прашањата во врска со прекршочната постапка, изрекувањето на прекршочните санкции за прекршоците од Законот за безбедност на храната како и видовите на прекршоци.

Според наведениот член 132 став 1 точка 37 од Законот за безбедност на храната:
1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице:
37) не ги отстрани констатираните неправилности утврдени со решението (член 127 став (3)).

Подносителот на Иницијативата смета дека ваквата одредба е недоволно прецизна и нејасна и како таква ја загрозува правната сигурност на граѓаните што е наводно спротивно на „владеење на правото“ како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, предвидена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91).

Но, вака дефинираната прекршочна одредба неможе да се смета за непрецизна и со неа не се нарушува правната сигурност на граѓаните во смисла на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот. Имено, законодавецот се раководел од контекстот на самиот закон како целина и целите кои треба да се постигнат со неговото донесување (со превентивната и прекршочната политика).

Законодавецот правилно оценил кога предвидел дека ако инспекторот при вршење на инспекциски надзор, утврди повреда на одредбите од овој закон и прописите од овој закон, издава решение во писмена форма со кое наредува да се отстранат неправилностите во определен рок.

Правното или физичкото лице од став (1) на овој член е должно да ги отстрани констатираните неправилности утврдени со решението. Непостапувањето по оваа одредба претставува прекршок кој е казнив по член 132 став 1 точка 37 и за истиот на сторителите им се изрекува прекршочна санкција -глоба.

Од сето погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 132 став 1 точка 37 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/19), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Станка Горичан од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1411 и Имотен лист бр.1733 за КО Долно Лакочереј-вонград, на КП бр.1219,

КП бр.485, КП бр.486 и КП бр.497, викано место/улица „Габавци“ и по истата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Смиљаноска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.142 за КО Нерези -вон град, на КП бр.1295/2, викано место/улица „Присојница“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 62**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска од Скопје, доставен под И.бр.8563/2022, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.5528 за КО Ѓорче Петров 4-Влае и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 63**

**1.** Владата го разреши Блажо Трендафилов од должноста директор на Управата за финансиско разузнавање, орган во состав на Министерството за финансии, поради истек на мандатот за кој е именуван.

1.1. Владата го именува Блажо Трендафилов за вршител на должноста директор на Управата за финансиско разузнавање, орган во состав на Министерството за финансии, досегашен директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата го разреши Борис Тунџев од должноста директор на Агенцијата за катастар на недвижности, поради истек на мандатот за кој е именуван.

2.1.Владата го избра Борис Тунџев, за директор на Агенцијата за катастар на недвижности, досегашен директор на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата на Марјан Спасовски, разрешен од должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда, му утврди право да продолжи да остварува плата по престанок на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 17.1.2023 година до 17.1.2024 година.

**4.** Владата го разреши Дејан Николовски од должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот.

4.1. Владата го именува Дејан Николовски за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија-претставник од Министерството за финансии.

**5.** Владата ја разреши Сиарта Ахмети од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид, поради истек на мандатот.

5.1. Владата ја именува Сиарта Ахмети за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид.

**6.** Владата го разреши Арбен Несим, од должноста член на Училишниот одбор -претставник на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“, Тетово.

6.1. Владата го именува Бејтула Ганија за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“, Тетово.

**7.** Владата ги разреши од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Липково“, поради истек на мандат:

-Хаџере Мемети,
-Агрон Јусуфи и
-Муртез Исмаили.

7.1.Владата ги именува за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Липково“:

-Арбнора Јашари-Реџепи,
-Хаџере Мемети и
-Азмин Шерифи.

Истовремено, Владата го одложи за наредната седница предлогот за разрешување и именување на директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 64</u>**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 26 јануари 2023 година до 1 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја донесе Уредбата за престанување на важењето на Уредбата за начинот и методологијата за утврдување и донесување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

**3.** Владата го разгледа Извештајот за работа на националниот координатор за трансплантација, како материјал за информирање.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 26 јануари 2023 година до 1 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за донесеното Решение за одобрување на ловење на дивеч под заштита и

преземени мерки од Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на појавата на „африканска чума“ кај дивите свињи, бр. 50-1594/1 од 3.2.2023 година од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, како материјал за информирање.

**6.** Владата по Барањето за финансиска поддршка за организирање на Годишно изборно собрание на Тенис Европа 2024, поднесено од Тениската федерација на Северна Македонија го донесе следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за млади и спорт од сопствениот буџет да исплати 4.000.000,00 денари како финансиска поддршка за организирање на Годишно изборно собрание на Тенис Европа 2024 во година.

**7.** Владата на предлог на Славјанка Петровска, министер за одбрана заклучи, Заклучокот под реден број два, точка 1 (инт.бр.43/1) од Седумнаесеттата затворена седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 мај 2022 година, донесен по Информацијата за потребата од склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за одбрана и Владата на Соединетите Американски Држави претставувана од Министерството за одбрана, Агенцијата за национална безбедност, /Служба за централна безбедност, Дирекција за сајбер безбедност и Агенцијата за дистрибуција и сметководство на Воениот комитет, НАТО (DACAN) -MOA-NSA CSSYYY-XXX во врска со обезбедување на опрема и услуги за комуникациска безбедност на Северноатлантската договорна организација (НАТО ИУК), да се измени и да гласи:

- Владата го овласти државниот секретар на Министерството за одбрана Владимир Анчев да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за одбрана и Владата на Соединетите Американски Држави претставувана од Министерството за одбрана, Агенцијата за национална безбедност, /Служба за централна безбедност, Дирекција за сајбер безбедност и Агенцијата за дистрибуција и сметководство на Воениот комитет, НАТО (DACAN) -MOA-NSA CSSYYY-XXX во врска со обезбедување на опрема и услуги за комуникациска безбедност на инфраструктурата за управување со крипто клучеви на Северноатлантската договорна организација (НАТО ИУК).“.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 26 јануари 2023 година до 1 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** По повод одбележувањето на 4 февруари, денот на раѓањето на Гоце Делчев и предлогот на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, Владата заклучи ангажираните полициски службеници да бидат наградени поради работната успешност.

**10.** Владата по Информацијата за Ценовникот на услуги за 2023 година на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, со дополнување го задолжи Министерството за здравство во

соработка со Министерството за финансии, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и ЈУ од областа на здравството за потребите на Јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, да направат финансиска анализа за висината на долговите и начинот за подмирување на истите (да се предвидат соодветни финансиски средства за конкретна намена во буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија), со цел надминување на ова прашање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за периодот 1.7.2022-30.9.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Финансискиот план за 2023 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, како материјал за информирање.

Исто така, Владата го задолжи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да подготви и до Владата да достави Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост -Скопје, за 2023 година.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година и ја донесе Уредбата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

## Точка 71

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри (*), согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за статус на имплементација на Проектот за зајакнување на транспортот и трговијата во Западен Балкан финансиран од Светска банка, за период од декември 2019 до декември 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта, да ја реализира имплементацијата на опремата за Интелигентните транспортни системи (ИТС) Фаза 1–Југ по должина на автопатот А1 (Коридор 10), согласно подобрената проектна документација во рамките на Проектот за олеснување на транспортот и трговијата во Западен Балкан и да обезбеди инсталираната опрема да биде целосно оперативна, најдоцна до крај на јуни 2025 година.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта за потребите на Интелигентните транспортни системи (ИТС) Фаза 1-Југ да обезбеди оптичка мрежа со капацитет и технички карактеристики согласно дефинираните во подобрената проектна документација до приклучните места дефинирани со истиот проект, најдоцна до крај на мај 2023 година.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да обезбеди техничка ревизија на подобрената проектна документација за Интелегентните транспортни системи (ИТС) Фаза 1-Југ и Фаза 2-Север од страна на Градежен факултет -Скопје, со кој има склучено рамковен договор за соработка, најдоцна до крај на февруари 2023 година.

4. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта заедно со Агенцијата за катастар на недвижности и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, а во соработка со Министерството за транспорт и врски, да преземат дејствија за утврдување на имотно-правниот статус на постојниот објект диспечерски центар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта-подружница Петровец на КП бр. 820/1, КО Ќојлија, Општина Петровец, најдоцна до декември 2023 година, со цел овој објект да биде реконструиран и пренаменет во Национален центар за контола на сообраќај.

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања, да изработи и достави апликација за инвестициски грант до Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF -Western Balkans Investment Framework), најдоцна до 15 февруари 2023 година, за финансирање на:

а) Интелегентните транспортни системи (ИТС) Фаза 2-Север согласно подобрената проектна документација,
б) инсталирање на дополнителни пет апликации за опрема на Интелегентни транспортни системи (ИТС) изработени во рамките на НИТСС по цела должина на А1 автопатот и
в) целосно оперативен и функционален Национален центар за контрола на сообраќајот во постојниот објект диспечерски центар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта-подружница Петровец, Општина Петровец.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта како краен корисник на опремата за Интелегентните транспортни системи (ИТС) Фаза 1-Југ, да потпишат Договор за имплементација на Интелегентните транспортни системи (ИТС) Фаза 1-Југ со кој ќе ги дефинираат меѓусебните обврски и одговорности, се до целосно пуштање во употреба на инсталираната опрема, најдоцна до крај на февруари 2023 година.

7. Се задолжува Министерство за финансии-Царинска управа да ги разгледа расположливите модели за финансирање на одржувањето на новиот Национален едношалтерски систем (НЕС) и најсоодветниот модел да го предложи до Владата, најдоцна до декември 2023 година.

8. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа да го усогласи и потпише Протоколот за гранична инфраструктура помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, најдоцна до крај на април 2023 година.

9. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски со проектната единица за имплементација на проекти од Светска банка и Министерството за финансии -Царинска управа да ја обезбедат проектната документација за реконструкција/надградба на објекти и инфраструктура на Граничниот премин Ќафасан и Граничниот премин Деве Баир, согласно потпишаниот Договор со проектантот, најдоцна до крај на март 2023 година.

10. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа да изработи акциски план за раселување по теркот на Светска банка во соработка со Проектната единица за имплементација на проекти од Светска банка и да ги регулира имотно-правните односи на Граничниот премин Ќафасан во согласност со проектната документација за реконструкција/надградба на објекти и инфраструктура, најдоцна до крај на март 2023 година.

11. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа да изработи акциски план за раселување по теркот на Светска банка во соработка со Проектната единица за имплементација на проекти од Светска банка и да ги регулира имотно-правните односи на Граничниот премин Деве Баир во согласност со проектната документација за реконструкција/надградба на објекти и инфраструктура, најдоцна до крај на март 2023 година.

## <u>Точка 73</u>

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар- Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски и Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи

Универзитетски клиники, завод и ургентен центар -Скопје, да подготват и до Владата да достават соодветен усогласен предлог за надминување на ова прашање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог-решение за раскинување на постоечкиот Договор за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш, склучен помеѓу ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и истовремено исполнување на договорни обврски за Министерството за здравство како јавен партнер кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање, со иновативни решенија за хирушки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година со приватен партнер Група на економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта пхарма–АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А и Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1.Го одобри Барањето за раскинување на Договорот за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш, поднесено од страна на ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје.

2. Се задолжува ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје да ги преземе сите потребни правни дејствија за склучување на договор за отстапување на договор согласно член 132 од Законот за облигациони односи помеѓу сегашниот оператор Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје како отстапувач и приватниот партнер Скопстер ДОО Скопје како примач кој ги презема правата и обврските под истите непроменети услови и ќе продолжи непречено да ја врши услугата на болничка перална.

3. Се задолжува ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје да ја продолжи соработката и превземените договорни обврски за непречено давање на услугите за перална во Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза"-Скопје врз основа на постоечкиот Договор за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш со Скопстер ДОО Скопје, согласно склучениот договор за отстапување на правата и обврските од страна на Изградба-комерц ДООЕЛ.

4. Се задолжува Министерството за здравство да му го обезбеди објектот за болничка перална на приватниот партнер како најсоодветен објект за втор центар за стерилизација, согласно бараните стандарди и со тоа да ја исполни договорната обврска која произлегува од член 5, став 1, точка 3 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр.17-461/39 од 17.12.2019 година со приватен партнер Група на економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта пхарма–АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А и Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за дополнување на Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за

политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програма К-5, со Предлог-план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои Планот за дополнување на Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програма К-5.

2. Министерството за финансии дава општа согласност на Планот за дополнување на Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програма К-5.

3. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во рок од пет дена по усвојување на Планот за дополнување на Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програма К-5, да подготви решение за трајно упатување на нераспределениот административен службеник во Агенцијата за електронски комуникации, опфатен во дополнетиот План за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програма К-5.

4. Се задолжува Агенцијата за електронски комуникации, во рок од пет дена од приемот на решението за трајно упатување на нераспределениот административен службеник, да подготви и донесе решение за распоредување на вработениот кој потпишал изјава за прифаќање на решението за трајно упатување.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Меморандум за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ), со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ).

2. Се овластува д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, да го потпише Меморандумот за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ).

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Соња Николовска против Република Северна Македонија А.бр. 45935/18 и А.бр. 55102/18 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Соња Николовска против Република Северна Македонија А.бр. 45935/18 и А.бр. 55102/18.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да

прифати дека државата на апликантката Соња Николовска ќе и исплати вкупен износ од 8.800 евра во денарска противвредност за двете апликации (А.бр. 45935/18 и А.бр. 55102/18), односно износ од по 4.400 евра, за секоја од двете апликации (А.бр. 45935/18 и А.бр. 55102/18).

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантката Соња Николовска од предметите да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметите оформени пред Европскиот суд за човекови права по апликациите А.бр. 45935/18 и А.бр. 55102/18, да изрази едностранi декларации, да ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите да и понуди на апликантката поединечно износ кој е за 10% понизок од износот кој е предложен од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите Соња Николовска против Република Северна Македонија А.бр. 45935/18 и А.бр. 55102/18.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 79**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за текот на активностите поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, со предлог-План за активности и го прифати Планот за активности во рамките на Стратешкиот дијалог помеѓу Република Северна Македонија и САД со период на реализација 2023-2033 година, со заклучок истиот да се измени и дополни во насока:

1. Во Надлежна институција наместо „Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции“ да стои „Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции“.

2. Во делот II.C. Регионална стабилност и соработка на политичко-безбедносно поле со фокус врз петте земји од Јадранската повелба, точка 10. Соработка за време на претседавањето на Северна Македонија со САД- Јадранската повелба во 2023, во Надлежна институција наместо „Министерство за надворешни работи“ да стои „Министерство за надворешни работи и Министерство за одбрана“.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |